08-1866/7
21-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

Одлука

Постапката по предметот со број 08-1866/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1866/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1866/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава, за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето __________________ по престанок на функцијата член на Управниот одбор на ____________________________________________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во „Службен весник на РСМ" по што констатира дека лицето ________________ е разрешено од вршење на функцијата член на на Управниот одбор на __________________________________________ со Решение бр.14-13340/1 од 31.12.2024 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ" бр.10/25 година.

Во врска со тоа, Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, како и во другите бази на податоци со кои располага и констатира дека ______________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на Управниот одбор на ______________________________ не поднело Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето ____________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр. 08-1866/4 од 02.09.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1866/5 од 02.09.2025 година, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на која стои само потпис на прием.
Истиот на ден 12.09.2025 година извршило уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за иврешена уплата.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.
Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**
**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk